**Бр.13- 1429/1**
**01-11-2016 година**
**Кратово**

Врз основа на член 4 од Одлуката за истакнување на изборни плакати без надоместок бр.09-304/1 од 26.02.2016 година ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.2/2016), Инспекторот за комунални работи при Локалната самоуправа на општина Кратово на ден 2016 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за определување на локации за бесплатно истакнување на изборни плакати и пропаганден материјал**

**I.** За спроведување на изборната кампања на политичките партии за парламентарните избори 2016 година, на територијата на општина Кратово се определуваат следните локации на кои може да се лепат изборни плакати и пропаганден материјал без надоместок (само со лепење на веќе отпечатен изборен материјал), и тоа:

1. Потпорен ѕид на ул. "Св. Ѓорѓи Кратовски" карши киното "Напредок";
2. Потпорен ѕид на ул. "Св. Ѓорѓи Кратовски" карши паркинг просторот (под боровите);
3. Потпорен ѕид спроти магацинот за градежни материјали на РИК "Силекс" под ЕВН-ЕСМ - "Електродистрибуција" на ул. "Гоце Делчев";
4. Потпорен ѕид под поранешната Градинка на ул. "Никола Тесла" кон Здравствен дом во Кратово;
5. Потпорен ѕид на ул. "Тошо Куковски" спрема С.О.У. "Митко Пенџуклиски" од десната страна (ромско маало);
6. Потпорен ѕид на ул. "Ѓорѓи Какашевски" - непосредно до стамбената зграда (стара самопослуга на "Силекс" АД Кратово;
7. Потпорен ѕид на ул. "Браќа Миладинови" карши Саат кулата;
8. Потпорен ѕид на Плоштадот "Павел Шатев" - непосредно до млечниот ресторан;
9. Градежен објект на ул. "Гоце Делчев" -поранешна "Кристалограверница";
10. Во с. Сакулица - стојалиште на автобуси, јавна површина за поставување на паноа;
11. Во с. Шлегово - јавна површина до селската чешма во центарот за поставување на паноа;
12. Во с. Страцин - јавна површина до селската чешма, во центарот за поставување на паноа; и
13. Во с. Шопско Рударе - јавна површина во центарот на селото (периферни делови), кај стојалиштето на автобуси за поставување на паноа.

**II.** По завршувањето на изборната кампања организаторите на кампањата се должни да ги отстранат плакатите и пропагандниот материјал

**III.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**Инспектор**
**за комунални работи**
Ванче Алексовски, с.р.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА КРАТОВО
КРАТОВО
1